

Проект за децентрализирана соработка меѓу
Регионот Долна Нормандија и Република Македонија
Канцеларија на проектот во Скопје
Асоцијација на агенции за локална демократија
Бул Партизански одреди 15а 2/2, 1000 Скопје, Македонија
Телефон: 00 389 2 306 59 32

# ПРОГРАМА ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНА СОРАБАТКА МЕЃУ РЕГИОНОТ ДОЛНА НОРМАНДИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА







бр.5
ЈАНУАРИ 2012

www.bn-mk.org | www.crbn-mk.courriers.info

# информатор

ИЗДАНИЕ НА МАКЕДОНСКИ
електронска верзија

# ПРОГРАМА ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕГИОНОТ ДОЛНА НОРМАНДИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Децентрализирана соработка помеѓу Регионот Долна Нормандија (Франција) и Република Македонија започна во 2006 година. Се работи за единствена соработка каде еден француски регион соработува со држава, Македонија. Во срцето на проектот е локалната власт имајќи ги како институционални партнери регионалниот совет на Долна Нормандија и Министерство за локална самоуправа на Македонија. Оваа институционална соработка се состои од акциона програма спроведувана од страна на француски и македонски партнери. Првичната програма е замислена за три години (2007-2010 година), но таа продолжува и во наредните три години (2011-2013). Финансиски поддржан од страна на Министерството за надворешни и европски работи на Франција.


© Emmanuel Luce

## АКТИВНОСТИ И УЧЕСНИЦИ

Проектот има за цел да ги анимира двете територии, Долна Нормандија и Македонија, преку шесте теми на соработката. Иако се работи за институционална соработка, активностите од проектот се групирани во 6 дела спроведувани од француско-македонски „тандем организации". Целта е да вклучат сè поголем број граѓани и организации на повеќе нивоа: државни иституции, здруженија на граѓани, професионални комори, медиуми итн., за да се одговори на потребите на двете територии. Асоцијацијата на Агенции за локална демократија (АЛДА) е генерален координатор на сите активности.



## ПЕТТА ГОДИНА НА СОРАБОТКАТА – „ЦЕНТРАЛНА" ГОДИНА

Петтата година на соработката опфаќа продлабочување на работата во шесте оски предвидени со програмата на активности, но и отворање кон други теми како што се човековите права. Соработката исто така го поддржува процесот на регионален рамномерен развој во Македонија и европската интеграција во двете територии.
Петтата година на соработката ја поддржува и примената на мерките и политиките за промовирање на локалниот економски развој и поголема вклученост на малцинствата кои на тој начин придонесуваат кон остварување на целите на одржливиот развој. Збратимувањата на градовите се исто така зајакнати благодарение на придружбата при вмрежувањето во работни групи од страна на организацијата Солидарни Хоризонти (Horizons Solidaires) во Долна Нормандија. Регионот на Долна Нормандија и Македонија рамномерно соработуваат при спроведување на овие активности кои ги отсликуваат блиските односи меѓу двете територии.

## ЦЕЛИ

Оваа соработка е резултат на заеднички напори на Македонија и на Долна Нормандија да ги отворат нивните територии кон светот и да ги поттикнат нивното население во активно граѓанство на локално и Европско ниво преку реципроцитет и размена. Проектот има за цел да го да го придружува процесот за влез во Европска Унија и спроведувањето на европското право. Програмата цели кон зајакнување на доброто локалното владеење во сите теми на соработката, кон развивање на капацитетите на локалното население, како и кон разменување на добри практики и искуства. Главните цели на проектот е да се зајакнат капацитетите на локалните власти за спроведување на процесот на децентрализација, да го поттикнат учеството на граѓаните и да помогнат во остварување на одржлив развој.



# шест оски на соработка

## 1

**Дигитални технологии и медиуми**

Обука и употреба на нови технологии за подобро локално владеење

- Регионален совет на Долна Нормандија - Долна Нормандија
- Метаморфозис - Македонија

## 2

**Млади, локално и европско граѓанство**

Развој на локални младински политики

- Европска куќа од Каен - Долна Нормандија
- Коалиција на младински организации СЕГА - Македонија

## 3

**Попис на културно наследство**

Методологија за попис на културно наследство

- Национална асоцијација на градови со историја и уметност и градови со заштитени зони и сектори - Франција
- Асоцијацијата на градови од Македонија со архитектонско наследство - Македонија

## 4

**Културни политики**

Зајакнување на капацитетите на локалните власти во областа на културата

- Регионален центар за култура, етнологија и техника (CRéCET)- Долна Нормандија
- Локомотива - Македонија

## 5

**Туризам**

Поддршка и промоција на туризмот

- Центар за институционален развој (ЦИРа) - Македонија

## 6

**Развој на земјоделството**

Зајакнување на мрежата на фармери за развој на одржливо земјоделство

- Француски земјоделци за меѓународен развој (AFDI) - Долна Нормандија
- Федерација на фармери на Република Македонија - Македонија

# ДИГИТАЛНИ ТЕХНОЛОГИИ

## ОСКА 1

Целта на проектот е да се продолжи со започнатите активности за развивање на граѓанското учество во локалниот живот благодарение на новите технологии. Нивната употреба ги зајакнува врските меѓу граѓаните од двете територии и овозможува создавање на заеднички проекти. Пристапот на интернет на јавните места претставува главна содржина на активностите во проектот.




Преносот на квалитетни информации до граѓаните на локално ниво претставува особено важен предизвик. Проектот главно е базиран на мрежата од дигитални клубови воспоставени на двете територии со цел да се зголемат навиките за користење на јавни- от интернет како начин за јакнење на демократските практики и активното граѓанство.



Заштитата на правата и приватноста во дигиталното општество - актуелна тема за г. Ботро Бонтер (Национален институт за човекови права), г-ѓа Рошфор (Оддел за Дигитален развој на Регионот Долна Нормандија) и г. Јашари (Метаморфозис)

Поаѓајќи од примерот на граѓанската енциклопедија WikiManche.fr, беше создадена платформата www.wiki.mk која има за цел да го надополни недостигот од информации од локално значење во повеќе општини во Македонија кои не се присутни на интернет.

Во оваа петта година од проектот, посебен аспект е посветен на граѓанското учество на интернет и правото на заштита на личните податоци и слободно изразување. Во Македонија, оваа заштита подразбира развој на уреди во јавната администрација, воведувањето на практики и навики на сите електронски издавачи и даватели на услуги со пристап до нови технологии, како и зголемување на свеста на граѓаните и нивно опремување за да им обезбеди заштита на индивидуално и општествено ниво. Напорите во оваа насока се составен дел на сите активности во проектот.

# МЛАДИ, ЛОКАЛНО И ЕВРОПСКО ГРАЃАНСТВО

ОСКА 2

Активностите во изминативе четири години овозможија да се продлабочи проблематиката и да се разгледа адекватноста на младинските политики односно на младинско учество во нивното креирање.

Проектот продолжува со истата желба да се споделат идеи и искуства во областа на младинското учество, да се создадат младински политики како на територијата на Долна Нормандија така и во Македонија. Спроведувањето на активностите бара достигнување на помалку теоретски, а повеќе практичен пристап се со цел да се признае придонесот и вклученоста на младите во создавањето на локалните политики.



Пред новите предизвици на младинските политики - г. Ромилдо (Европска куќа од Каен) и г. Илиески ( Коалиција на младински организации « СЕГА »)

Главната цел за оваа година е да се обезбедат алатки за создавање на заеднички пристап за да им се помогне на локалните власти во процесот на спроведување на одржливи и партиципативни младински политики, развивање на информативни и советодавни центри, како и продлабочување на младинските политики и нивно ширење на регионално ниво.



# ПОПИС НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО



Во рамките на процесот на децентрализација, локалните единици добија нови надлежности, вклучувајќи го и управувањето со културно наследство и урбан развој. Целта на активностите водени во старите градски населби е развивање на заедничко размислување за политиките за културно наследство, развивање на методи, алатки и стратегија на активности со цел да се заштити и вреднува архитектонското наследство како и да се подигне свеста кај граѓаните. Архитектонското наследство претставува алатка за социјален и економски развој.

Активностите спроведени во текот на првата 2010-2011 година овозможија да се мобилизираат општини од Македонија и Долна Нормандија како и да се претстават активностите и целите на проектот. Денес, пет македонски општини се дел од проектот.

Согласно општите цели на програмата за соработка меѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија, спроведените активности би резултирале со јакнење на капацитетите на локалните самоуправи и со одржлив локален развој на териториите обезбедувајќи алатки за архитектонско и урбано управување преку спроведен оперативен попис.



Работа во тандем - г-ѓа Стефкова (Асоцијацијата на градови од Македонија со архитектонско наследство) и г-ѓа Баску (Национална асоцијација на градови со историја и уметност и градови со заштитени зони и сектори) работат на активностите за 2012 година



Соработка меѓу оските - г-ѓа Качакова (Локомотива), г. Ромилдо (Европска куќа од Каен) и г-ѓа Стефкова (Асоцијацијата на градови од Македонија со архитектонско наследство)

ПРЕСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА (КАРТИ, ПЛАНОВИ, СЛИКИ, ЦРТЕЖИ ОД РАЗЛИЧНИ ЕПОХИ)

синтеза на истражувањата и методологија на работа → ПОПИС НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ← теренски семинар

ПОЧЕТОК И СЛЕДЕЊЕ НА ПОПИСОТ НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

РАЗМЕНА МЕЃУ СТРУЧНИ ЛИЦА, ЕКСПЕРТИ И СТУДЕНТИ ПО АРХИТЕКТУРА

↑ работа на терен

# КУЛТУРНИ ПОЛИТИКИ

## ОСКА 4

создавање на организациска структура

ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА МОМЕНТАЛНАТА СИТУАЦИЈА ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО СОРАБОТКАТА

развој на стратегијата за локални културни политики

КУЛТУРНИ ПОЛИТИКИ

размени и вмрежување

СТУДИСКИ ПОСЕТИ ВО ДОЛНА НОРМАНДИЈА И МАКЕДОНИЈА

РАБОТИЛНИЦА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ

раководење и развој на проекти во областа на културата



Тимот на културни политики на Управниот одбор во Охрид- г-ѓа Палмие (Регионален центар за култура, етнологија и техника - CRéCET) и г-ѓа Качакова (Локомотива)

Оската „Културни политики" е посветена на создавање на културни политики и културна размена и ги развива своите активности поаѓајќи од фактот дека културата игра многу важна улога во економскиот и социјалниот развој на една држава.

Проектот се состои од создавање на стратегија за културен регионален развој на Регионот Пелагонија во Македонија. Ова вклучува развој на професионалните капацитети на локалните културни чинители со што би се придонело за одржлив културен развој.

Развиените активности би требало да овозможат создавање на самоодржливи модели на меѓуопштинска и регионална соработка заснована врз меѓу секторска соработка, опфаќајќи ја вклученоста на сите културни работници како и комуникацијата меѓу културата и другите поврзани области како образование, економија, млади и туризам. Долгорочно гледано, на ваков начин би се овозможило развивање на модел кој би бил применлив и во други региони.

# ТУРИЗАМ

# ОСКА 5

ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКИ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ (ОПШТИНИ, ИНСТИТУЦИИ, ИТН.)

создавање на стратегија

подготовка за соработка

ТУРИЗАМ

РАБОТНИ ГРУПИ

СТУДИСКА ПОСЕТА И ОБУКИ

јакнење на капацитетите

Настан кој ја одбележа претходната година е физибилити студијата за соработка во областа на туризмот во јули 2011 година. Оваа студија имаше за цел да развие институционална соработка во областа на туризмот Регионалниот Совет на Долна Нормандија и Југозападниот плански регион во Македонија. Соработката во доменот на туризам е значајна за развивање на способностите на локалните чинители од јавниот и приватниот сектор. Таа е исто така битна за поттикнување на развојот на туризмот на Југозападниот Регион.



Оската « одржлив туризам » се менува во « туризам » г. Амет (ЦИРа) на Управниот одбор во Охрид

За полесно одвивање на соработката, оваа година се воведува на нова оска „Туризам“ која се базира на веќе постигнатите резултати од поранешната оска „Одржлив туризам“. Во оваа оска ќе се работи на создавање на стратегија за развој на туризмот во Југозападниот плански регион и јакнење на капацитетите на локалните власти во областа на развој на туризмот.



Охридското езеро е дел од Југо-западниот регион на Република Македонија

# РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

# ОСКА 6

Имајќи ги во предвид тешкотиите кои по кризата во 2009 година го зафатија млекарскиот сектор во Македонија, како и искуството на фармерските организации од Долна Нормандија во ова поле, проектот за соработка минатата година се фокусираше на овој сектор.

Првите активности беа насочени главно кон млекопроизводителите во западниот дел на Македонија. Итната потреба за спроведување на европските стандарди доведе до промена на програмата на активностите преку проширување во областите од Тетово и Гостивар па се до Битола и Прилеп, претставувајќи ја млечната „област“ на Македонија.

Проектот има за цел да ги зајакне капацитетите на фармерите и нивните организации за одржлив земјоделски развој во Македонија и на Балканот.



Г-ѓата Таверние (АФДИ) и г. Димковски (ФФРМ) разговараат за развојот на земјоделството на Балканот

ПОДДРШКА И ЕКСПЕРТИЗА НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ ЗА КВАЛИТЕТНО МЛЕКО

јакнење на капацитетите

работни групи

РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

ОБУКИ ЗА МЛЕКАРИТЕ ЗА ПОГОЛЕМА РЕНТАБИЛНОСТ НА МЛЕЧНОТО ПРОИЗВОДСТВО

РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА И РАЗМЕНИ ЗА ОДРЖЛИВ ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАЗВОЈ

мрежа на фармерски организации на Балканот

# Соработка на градовите

Следејќи го територијалниот развој, Долна Нормандија води политика на придружба и поддршка на своите локални власти кои сакаат да соработуваат со Македонија. Токму ова е улогата на организацијата Солидарни Хоризонти (Horizons Solidaires) на територијата на Долна Нормандија, додека во Македонија оваа задача ја врши канцеларијата на децентрализираната соработка во Скопје. Локалните власти самостојно и независно ги извршуваат своите активности, а преку соработката во работни групи тие имаат можност да учествуваат и во заеднички проекти.



Создавање заеднички проекти меѓу локалните единици на двете територии - г. Фоло, Директор на секторот за меѓународни односи (Регионален совет на Долна Нормандија) и г-ѓа Леклуз, Раководител на сектор за меѓународна соработка и мобилност (Регионален совет на Долна Нормандија) на Управниот одбор во Охрид



Збратимувањата на општините и градовите овозможуваат размени помеѓу жителите од двете држави кои придонесуваат за подобро заедничко запознавање и разбирање.

Соработката меѓу локалните власти од Долна Нормандија и Македонија постојано се развива и во моментов брои седум соработки, на различно ниво на соработка.

1. Охрид (МК) – Каен (ФР)
2. Струга (МК) – Вистреам (ФР)
3. Вевчани (МК) – Ерманвил-сур-Мер (ФР)
4. Дебар (МК) – Иф (ФР)
5. Берово (МК) – Ливаро (ФР)
6. Велес (МК) – Шербур (ФР)
7. Крушево (МК) – Сен Жамс (ФР)